2016

# ДОВЕРБА ВО ЛУЃЕТО, ИНСТИТУЦИИТЕ И ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

# ДОВЕРБА ВО ЛУЃЕТО, ИНСТИТУЦИИТЕ И ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО - 2016 ГОДИНА


**Издавач:**

Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)

**За издавачот:**

Александар Кржаловски, прв извршен директор, МЦМС
Гонце Јаковлеска, извршен директор, МЦМС



**Автори:**

Моника Божиновска, Сара Мустафа



**ИСБН:**

978-608-4848-51-6



**Контакт МЦМС**

Адреса: МЦМС, ул. „Никола Парапунов“ бр. 41А,
п. фах 5.5., 1060 Скопје
Телефон: +389/2/3065-381;
Факс: +389/2/3065-298

Е-пошта: mcms@mcms.mk
Веб-страница: www.mcms.mk
Scribd: https://www.scribd.com/mcms.mk
Slideshare: https://www.slideshare.net/mcms.mk
Twitter: https://twitter.com/mcms.mk
Facebook: www.facebook.com/mcms.mk



Извештајот е подготвен и објавен во рамките на Цивика мобилитас, проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), кој го спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и СИПУ од Шведска. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на авторот и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарсата агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.



**МЦМС**

Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на публикацијата и под услови изложени во продолжение.

Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени, со назначување на изворот (види начин на референцирање на крајот од публикацијата). За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.



Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), кој го спроведуваат NIRAS од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Шведскиот институт за јавна администрација (SIPU).

# СОДРЖИНА


ЛИСТА НА КРАТЕНКИ ........ 3
ИНДЕКСИ ........ 4
ВОВЕД ........ 5
1. ЗА ИСТРАЖУВАЊЕТО ........ 6
1.1. Методологија и пристап ........ 6
1.1.1. Прашалник ........ 6
1.1.2. Популација и примерок ........ 6
1.1.3. Обработка и прикажување на податоците ........ 6
2. Анализа на наодите од истражувањето ........ 8
2.1. Општествена доверба ........ 8
2.1.1. Општа доверба ........ 8
2.1.2. Доверба во институциите ........ 10
2.1.1.1 Доверба во државните институции ........ 11
2.1.1.2 Доверба во меѓународната заедница ........ 12
2.1.3 Доверба во граѓанското општество ........ 14
2.1.3.1 Доверба во чинителите на граѓанското општество ........ 14
2.1.3.2 Доверба во граѓанските организации по под-сектори на делување 15
2.1.3.3 Познавање и ставови за ГО ........ 16
3. ЗАКЛУЧОЦИ ........ 21
Доверба во луѓе и институции ........ 21
Доверба во граѓанско општество ........ 21
Прилог 1- Прашалник ........ 22
Прилог 2 – Карактеристики на примерок ........ 23
Профил на МЦМС ........ 24
Продолжи со читање ........ 25

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| ААВМУ | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| АРМ: | Армија на Република Македонија |
| ВМРО-ДПМНЕ: | Внатрешно-македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство |
| ГО: | Граѓански организации |
| ДИК | Државна изборна комисија |
| ДКСК: | Државна комисија за спречување корупција |
| ДПА: | Демократска партија на Албанците |
| ДУИ: | Демократска унија за интеграција |
| ЕУ: | Европска Унија |
| МЦМС: | Македонски центар за меѓународна соработка |
| НАТО: | Организација на Северноатлантскиот договор |
| ОБСЕ | Организацијата за безбедност и соработка на Европа |
| ОН: | Обединети нации |
| пп | Процентни поени |
| СДСМ: | Социјалдемократски сојуз на Македонија |
| СЈО | Специјално јавно обвинителство |

# ИНДЕКСИ

| Општа доверба | 2016 | 2016-2015 | | 2015 | 2015-2013 | | 2013[1] |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Луѓе | **53,0** | ↔ | 0,2 | 52,8 | | -3,2 | 56,0 |
| Соседи | **61,3** | ↓↓↓ | -12,0 | 73,3 | | 5,3 | 68,0 |
| Колеги | **49,2** | ↔ | -1,5 | 50,7 | | -0,9 | 51,6 |
| Сонародници | **40,9** | ↓↓ | -6,6 | 47,5 | | 0,2 | 47,3 |
| Непознати | **19,9** | ↓ | -4,9 | 24,8 | | 6,5 | 18,3 |
| **Доверба во институциите** | **2016** | **2016-2015** | | **2015** | **2015-2013** | | **2013** |
| Држава (јавен сектор) | **45,4** | ↔ | 1,9 | 43,5 | ↓ | -4,0 | 47,5 |
| Деловен (приватен бизнис) сектор | **51,7** | ↑↑ | 5,2 | 46,5 | ↔ | -1,2 | 47,7 |
| Граѓански (невладин) сектор | **48,3** | ↔ | 1,0 | 47,3 | ↓↓ | -6,9 | 54,2 |
| Политички партии | **31,3** | ↓ | -4,1 | 35,4 | ↑↑ | 7,5 | 27,9 |
| Медиуми | **35,7** | ↓↓ | -5,3 | 41,0 | ↑ | 3,6 | 37,4 |
| Меѓународна заедница | **39,5** | ↓↓ | -5,8 | 45,3 | ↔ | 1,8 | 43,5 |
| Банки и финасиски институции | **50,5** | ↓↓ | -6,1 | 56,6 | ↔ | | 56,3 |
| **Индекс на доверба во институциите** | **43,2** | ↔ | **-1,9** | **45,1** | ↔ | | **44,9** |
| **Доверба во државниот сектор** | **2016** | **2016-2015** | | **2015** | **2015-2013** | | **2013** |
| Претседател на Република Македонија | **48,0** | ↔ | 1,1 | 46,9 | ↓↓ | -9,9 | 56,8 |
| Собрание на Република Македонија | **38,5** | ↔ | 0,5 | 38,0 | ↓ | -3,9 | 41,9 |
| Влада на Република Македонија | **39,2** | ↔ | 0,7 | 38,5 | ↓ | -4,0 | 42,5 |
| Локална самоуправа | **39,1** | ↓ | -5,1 | 44,2 | ↓↓ | -6,2 | 50,4 |
| Правосудство на Република Македонија | **33,3** | ↑ | 4,4 | 28,9 | ↓↓↓ | -12,6 | 41,5 |
| Јавно обвинителство | **31,6** | ↔ | 1,2 | 30,4 | | | |
| Армија на Република Македонија | **63,4** | ↔ | -1,2 | 64,6 | ↔ | -0,2 | 64,8 |
| Полиција на Република Македонија | **60,2** | ↑ | 3,6 | 56,6 | ↓↓ | -8,7 | 65,3 |
| Државна комисија за спречување на корупција | **27,8** | ↔ | -1,9 | 29,7 | | | |
| Управа за безбедност и контраразузнавање | | | | 28,8 | | | |
| Специјално јавно обвинителство | **42,3** | | | | | | |
| Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | **29,0** | | | | | | |
| Државна изборна комисија | **42,3** | | | | | | |
| **Индекс на доверба во институциите** | **41,2** | | | **45,8** | | **-10,2** | **56,0** |
| **Доверба во граѓанскиот сектор** | **2016** | **2016-2015** | | **2015** | **2015-2013** | | **2013** |
| Граѓански организации (здруженија, фондации) | **41,3** | ↓↓ | -9,2 | 50,5 | ↓↓ | -8,8 | 59,3 |
| Цркви и верски заедници | **59,5** | ↔ | 1,6 | 57,9 | ↓↓ | -9,0 | 66,9 |
| Синдикати | **29,0** | ↓↓ | -6,3 | 35,3 | ↔ | -0,6 | 35,9 |
| Стопански комори | **31,0** | ↓ | -4,9 | 35,9 | ↔ | -0,9 | 36,8 |
| Организации на работодавачи | **29,6** | ↓↓ | -6,9 | 36,5 | ↔ | 0,9 | 35,6 |
| Неформални групи граѓани | **33,0** | ↓↓ | -7,6 | 40,6 | | | |
| **Индекс на доверба во граѓански сектор** | **37,2** | ↓↓ | **-5,6** | **42,8** | ↓ | **-4,1** | **46,9** |
| **Доверба во меѓународната заедница** | **2016** | **2016-2015** | | **2015** | **2015-2013** | | **2013** |
| Европска Унија | **52,6** | ↓↓ | -7,8 | 60,4 | ↑ | 4,6 | 55,8 |
| Обединети нации | **56,6** | ↓↓ | -9,2 | 65,8 | ↑↑ | 7,0 | 58,8 |
| НАТО | **51,9** | ↓↓↓ | -12,1 | 64,0 | ↑↑ | 7,7 | 56,3 |
| ОБСЕ | **49,0** | ↓↓ | -8,6 | 57,6 | | 57,6 | |
| **Индекс на доверба во меѓународна заедница** | **52,5** | ↓↓ | **-8,0** | **60,5** | | **3,6** | **57,0** |

[1] Индексите во 2013 година не ги вклучуваат сите институции, за кои во 2015 и 2016 година е мерена довербата.

# ВОВЕД

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), почнувајќи од 2006 година ги истражува трендовите на доверба во Македонија. Причините за отпочнување на долгогодишниот процес на согледување и анализа на довербата се темелат на тезата на МЦМС дека граѓанските организации (ГО) ги застапуваат интересите на граѓаните, и таквиот однос треба да се заснова на доверба. Следствено, се смета дека довербата на граѓаните ќе им овозможи на ГО поголемо влијание на јавните политики и поголем легитимитет во застапување на интересите. Сепак, доколку довербата е на незадоволително ниво, се очекува отежнато поттикнувањето на граѓански ангажман, како и прибирањето на средства за обезбедување одржливост.

Довербата е една од клучните компоненти на социјалниот капитал. Општествената доверба, односно довербата во институциите и другите чинители на општеството е еден од водечките предуслови за социјална интеграција, граѓански ангажман и за динамични демократски институции. Многу студии ја препознаваат улогата на довербата во развојот на општеството, од каде трендовите на довербата зборуваат и за трендовите на развојот во општеството.

Како и другите досега спроведени истражувања, така и ова истражување се фокусира на три аспекти од општествената доверба: општа доверба во луѓето, доверба во институциите и доверба во граѓанското општество.

Во овој извештај се анализирани наодите од анкетата „Довербата во луѓето, институциите и во граѓанското општество - 2016“, која беше спроведена по седми пат на национален репрезентативен примерок на граѓаните на Република Македонија.

Оваа година извештајот е подготвен во рамките на Програмата за поддршка на граѓанското општество „Цивика мобилитас“ на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) од страна на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС). Анкетата е спроведена од страна на истражувачката агенција М-проспект, кои беа задолжени за развивање на истражувачката методологија и за теренското спроведување на истражувањето. Повеќе информации за МЦМС и Цивика мобилитас можете да најдете на крајот од извештајот.

# 1. ЗА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1.1. Методологија и пристап

Истражувањето е спроведено со теренска анкета - интервјуа „лице в лице“ во домаќинствата во текот на месец ноември 2016 година на репрезентативен примерок од 1000 испитаници.

### *1.1.1. Прашалник*

Согласно истражувачките цели, истражувањето се базира на квантитативна методологија, а наодите на кои се темели оваа анализа се добиени со анкетен прашалник.

Анкетниот прашалник се состои од два дела „Доверба и вредности“ и „Општествена одговорност на граѓаните“ (Прилог 1). Првиот дел од прашалникот кој е предмет на оваа анализа е поделен во неколку тематски области: општа доверба во други лица; доверба во граѓанското општество; државни институции, приватен и финансиски сектор, меѓународна заедница и доверба во ГО. Согласно наведените дефиниции на истражуваните концепти за „општествена доверба“ и „граѓанско општество“, истражувањето ја сегментира довербата врз основа на клучните чинители во општеството.

### *1.1.2. Популација и примерок*

Анкетата беше спроведена на репрезентативен примерок од 1000 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возраст, место на живеење и региони.

Во примерокот од 1000 испитаници 49,2% беа жени, а 50,8% мажи. Во однос на етничката застапеност Македонците беа застапени со 71,8%, Албанците со 22,2%, а другите етнички заедници беа застапени со 5,9%. Во однос на местото на живеење, селската популација беше застапена со 40,4%, додека градската со 36,6%.

Целосен преглед на примерокот е даден во прилог 2.

### *1.1.3. Обработка и прикажување на податоците*

Собраните податоци се обработени со честота и пропорција на одговорите. Резултатите се прикажани во графикони на ниво на целиот примерок. Освен со графикони, дел од податоците се прикажани и во табели.

Добиените податоци се анализирани со дескриптивни методи на статистичка обработка на податоци. Податоците се со маргина на грешка +/- 3,5%.

Со цел анализа на трендот на довербата, како и споредба на резултатите со претходно спроведените истражувања, за анализата се развиени индекси (показатели) на доверба кои се добиваат како резултат од сумата на добиените проценти од фреквенциите за тврдењата „целосна доверба“ и „делумна доверба“. При анализа на трендот на промените во довербата се користат долунаведените термини и симболи за промена.

*Табела I - Легендата на симболи*

| | | |
|---|---|---|
| ↔ | без или незначителни промени | Без или незначителни промени = 0–3 процентни поени<br>Мали = 3,01–5 процентни поени<br>Умерени = 5,01–10 процентни поени<br>Големи = над 10 процентни поени |
| ↑ | мало зголемување | |
| ↓ | мало опаѓање | |
| ↑↑ | умерено зголемување | |
| ↓↓ | умерено опаѓање | |
| ↑↑↑ | големо зголемување | |
| ↓↓↓ | големо опаѓање | |

Во извештајот, незначително малцинство се употребува за одговори помалку од 10% од примерокот, мало малцинство за 11% до 30%, малцинство за 30% до 50%, мнозинство за 51% до 70% и големо мнозинство за повеќе од 70%.

Во извештајот не се коментирани социодемографските анализи за помалобројните етнички заедници и политичките партии со помалку симпатизери поради нивното мало учество во националниот примерок.

Со цел за поедноставено прикажување на резултатите, во извештајот во одредени табели и графикони не се прикажани резултатите за „не знам“ и „без одговор“, поради што збирот на сите одговори не е 100%.

# 2. Анализа на наодите од истражувањето

## 2.1. Општествена доверба

Во овој дел од извештајот ќе се презентираат наодите од спроведената анкета. Анализата во првиот дел се осврнува кон довербата на граѓаните во луѓето и во институциите (државните институции и меѓународната заедница), а во вториот дел на довербата во граѓанското општество, со фокус на ГО.

### *2.1.1. Општа доверба*

Општата доверба во луѓето е мнозинска (53,0%). Мнозинство од луѓето веруваат и во соседите (61,3%), скоро мнозинска е и довербата и во колегите на работа (49,2%), а малцинска во сонародниците (40,9%). Очекувано, кон непознати лица, големо мнозинство од луѓето имаат недоверба (78,6%).

Низ годините општата доверба во луѓето бележи незначителни промени (индекси), така што општата доверба во луѓето останува да се движи во рамките на истите вредности од 2015 г. Сепак, споредбено со 2015 г., во 2016 г. се забележува голем пад на довербата во соседите (од 73,3% во 2015 г. на 61,3% во 2016 г.) и умерен пад на довербата во сонародниците (од 47,5% во 2015 г. во 40,9% во 2016 г.).

*Графикон 1 – Хоризонтална општествена доверба (%)*




Сепак, доколку се анализира довербата од аспект на внимателност кон другите, големо мнозинство (66,8%) сметаат дека треба да се биде многу внимателен со повеќето од луѓето.

*Графикон 2 – Општа доверба во луѓето (%)*




Анализирана е довербата во одредени категории на луѓе и очекувано, видлива е тенденцијата за поголема доверба кон поблиските (кон соседи и колеги) и најмала доверба во непознати.

Низ годините општата доверба во луѓето бележи незначителни промени (индекси), така што општата доверба во луѓето останува да се движи во рамките на истите вредности од 2013 и 2015 г. Сепак, споредбено со 2015 г., во 2016 г. се забележува голем пад на довербата во соседите (од 73,3% во 2015 г. на 61,3% во 2016 г., односно за 12 пп) и умерен пад на довербата во сонародниците (од 47,5% во 2015 г. во 40,9% во 2016 г., односно за 6,6 пп).

Во овој дел, интересно е да се спомене дека разликата на довербата во луѓето според регионот на живеење (табела 1) и социјалниот статус на испитаниците (табела 2). Поточно, испитаниците од Вардарскиот регион имаат најниска доверба општо во луѓето, соседите, колегите, земјаците и непознатите. Испитаниците од Североисточниот регион имаат значително повисока доверба во луѓето и соседите, тие од Југозападен регион имаат највисока доверба во колегите, додека Југоисточен регион имаат највисока доверба во земјаците и непознатите.

*Табела 1 - Највисока и најниска доверба во луѓето по региони (%)*

| Степен на доверба | Највисока | | Најниска | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Регион** | **%** | **Регион** | **%** | **%** |
| Луѓе | Североисточен | 76,7 | Вардарски | 30,0 | 53,0 |
| Соседи | Североисточен | 80,0 | Вардарски | 42,9 | 61,3 |
| Колеги | Југозападен | 62,0 | Вардарски | 32,9 | 49,2 |
| Непознати | Југоисточен | 24,4 | Вардарски | 8,6 | 19,9 |
| Сонародници | Југоисточен | 50,0 | Вардарски | 25,7 | 40,9 |

Испитаниците од понизок социјален статус имаат пониска доверба во луѓето од повисок социјален статус.

*Табела 2 - Разлика во довербата во луѓето по класи (%)*

| Класа | Висока | Повисока средна | Пониска средна | Работничка | Пониска | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Луѓе | 66,7 | 50,2 | 56,6 | 50,9 | 49,5 | 53,0 |
| Соседи | 55,6 | 65,3 | 62,6 | 59,4 | 51,5 | 61,3 |
| Колеги | 44,4 | 52,1 | 49,7 | 53,0 | 32,0 | 49,2 |
| Непознати | 38,9 | 21,9 | 20,0 | 18,8 | 13,6 | 19,9 |
| Сонародници | 50,0 | 35,5 | 44,2 | 41,5 | 39,8 | 40,9 |

### 2.1.2. Доверба во институциите

Со довербата во институциите е истражувана според трисекторскиот пристап: држава (јавен), деловен (приватен) и граѓански (невладин) сектор. Медиумите и политичките партии поради можноста да припаѓаат во повеќе сектори се издвоени посебно. Како специфичен дел од приватниот сектор, тука се издвоени и банките, а истражувана е и довербата во меѓународната заедница.

*Графикон 3 - Доверба во институциите (%)*




Анализирајќи ги резултатите за довербата на граѓаните на секторско ниво, може да се заклучи дека најголема доверба уживаат приватниот и финансискиот сектор, потоа граѓанскиот сектор и јавниот сектор (државата), а најмала политичките партии и медиуми-те. Сепак, наодите укажуваат дека генерално мнозинството граѓани немаат голема доверба во ниту една од истражуваните институции. Довербата во различните институции се движи од 31,3% во политичките партии до 50,5% во банките и финансиските институции.

Споредбено со 2015 г., во 2016 г. се забележува умерено опаѓање на довербата на граѓаните во медиумите (за 5,3 пп), меѓународната заедница (за 5,8 пп), банките и фина-нсиските институции (за 6,1 пп), додека зголемување се забележува само во приватниот сектор (за 5,2 пп). Довербата кај останатите институции останува речиси непроменета.

Довербата во клучните општествени чинители е анализирана на две нивоа. Првенствено испитаниците се прашани за нивната доверба генерално во секторите, а потоа за секој сектор засебно е тестирана довербата во организациите/ институциите од јавниот секторот (држава). Според добиените резултати може да се забележи неконзистентност во одговорите кај испитаниците кога се прашуваат генерално за довербата во секторите и кога се прашуваат за специфични институции/организации. Ова може да се должи на неразбирање на прашањата во прашалникот, на непознавање кои се институции ги опфаќаат секторите, немотивираност за одговарање, итн.

Постојат разлики кај етничките Македонци и етничките Албанци во поглед на довербата во приватниот сектор и политичките партии. Исто така, постои помала разлика во довербата кон банките и финансиските институции и граѓанското општество и меѓународната заедница.

Се забележува разлика на довербата кон институциите од испитаниците врз основа на симпатиите кон политичките партии. Имено, симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ имаат значително повисока доверба во државата, приватниот сектор, банките и финансиските институции, како и политичките партии. Додека, симпатизерите на СДСМ имаат најниска доверба во државата,

*Табела 3 - Доверба во институциите кај етничките Македонци и кај етничките Албанци и симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и ДУИ (%)*

| Институција | Етн. Мак | Етн. Алб | ВМРО-ДМПНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Држава | 45,5 | 43,3 | 71,9 | 30,7 | 32,7 | 45,4 |
| Приватен сектор | 50,6 | 58,1 | 65,3 | 45,8 | 42,3 | 51,7 |
| Граѓанско општество | 48,3 | 48,8 | 59,2 | 47,7 | 26,9 | 48,3 |
| Политички партии | 30,6 | 37,2 | 62,8 | 24,8 | 48,1 | 31,3 |
| Медиуми | 36,0 | 39,1 | 58,7 | 28,1 | 32,7 | 35,7 |
| Меѓународна заедница | 38,6 | 43,7 | 49,0 | 38,6 | 26,9 | 39,5 |
| Банки и фин. институции | 51,5 | 46,5 | 64,8 | 47,1 | 36,5 | 50,5 |

### 2.1.1.1 Доверба во државните институции

Довербата кон државата е истражувана и преку довербата во основните институции кои ја сочинуваат, како Претседател, Собрание, Влада, правосудство, локална самоуправа и клучните услуги кои ги обезбедува таа, како одбраната (армијата), полицијата, образовните и здравствените институции и тие за социјална заштита, како и комуналните претпријатија.

*Графикон 4 – Доверба во државниот сектор (%)*



Од истражуваните државни институции, најголема доверба граѓаните имаат во АРМ (63,4%) и полицијата (60,2%), а најмалку доверба во Државната комисија за спречување корупција (27,8%) и Агенцијата за аудиовизуелни медиумски услуги (29,0%). Споредбено со 2015 г., во 2016 г. не се забележува значителна разлика во довербата на граѓаните кон институциите, за разлика од 2015 г. кога се јавува пад на довербата во повеќето државни институции.

Во однос на разликите во довербата врз основа на демографските карактеристики, граѓаните кои се во возрасната група од 30 до 39 години има статистички значајно пониска доверба во државните институции, споредбено со граѓаните кои се на возраст помеѓу 40-49 и над 65 години. Дополнително, невработените имаат значајно пониска доверба во државните институции од пензионерите, а се забележува и разлика и според приходите во домаќинството. Исто така граѓаните од Пелагонискиот регион имаат значајно пониска доверба во државните институции од граѓаните од Југоисточен и Североисточен регион. Помеѓу другите демографски карактеристики (пол, етничка припадност, образование, работен статус) не се забележуваат значајни разлики во степенот на доверба во државните институции.

*Табела 4 -Доверба во државните институции кај етничките Македонци и кај етничките Албанци, како и кај симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и ДУИ (%)*

| Институција | Етн. Мак | Етн. Алб | ВМРО-ДПМНЕ | ДУИ | СДСМ |
|---|---|---|---|---|---|
| Претседател | 51,1 | 39,1 | 83,7 | 26,9 | 22,9 |
| Собрание | 40,4 | 34,9 | 69,4 | 32,7 | 17,6 |
| Влада | 41,0 | 34,4 | 80,1 | 38,5 | 16,3 |
| Единици на локална самоуправа | 38,3 | 43,3 | 68,9 | 36,5 | 20,3 |
| Јавно обвинителство | 30,7 | 36,3 | 61,2 | 34,6 | 14,4 |
| Судство | 31,8 | 40,9 | 62,2 | 32,7 | 15,0 |
| АРМ | 68,7 | 48,4 | 87,8 | 40,4 | 62,1 |
| Полиција | 61,7 | 55,3 | 81,1 | 38,5 | 58,8 |
| ДКСК | 28,1 | 27,9 | 54,1 | 30,8 | 16,3 |
| СЈО | 43,7 | 41,9 | 34,2 | 30,8 | 60,1 |
| ААВМУ | 30,9 | 24,7 | 49,5 | 15,4 | 20,9 |
| ДИК | 44,2 | 33,0 | 73,5 | 26,9 | 35,3 |

### 2.1.1.2 Доверба во меѓународната заедница

Довербата кон меѓународната заедница во 2016 г. е истражувана преку довербата во следните меѓународни организации и/или сојузи: Обединетите нации (ОН), Европската Унија (ЕУ), Организацијата на Северноатлантскиот договор (НАТО) и Организацијата за безбедност и соработка на Европа (ОБСЕ).

Општата доверба во меѓународната заедница и во 2016 г. е малцинска (39,5%) и не бележи значителни промени во однос на 2015 г. (43,5%). По растот за 3,6 пп од 2013 г. во 2015 г., во 2016 г. довербата во меѓународната заедница опаѓа за 8 пп. Па така, во оваа година се забележува досега најниска доверба во меѓународната заедница. Намалување на доверба се забележува кај сите истражувани меѓународни институции. Најголем пад има во довербата во НАТО каде од 64,0% во 2015 г. во 2016 г. само 51,9% од граѓаните се изјасниле дека имаат доверба во оваа институција. И покрај ова намалување, меѓународната заедница останува да има повисок степен на доверба споредбено со политичките партии и медиумите.

*График 5 – Доверба во меѓународната заедница*




Во однос на разликите врз основа на демографските карактеристики, испитаниците кои се во возрасната граница 30-39 имаат статистички значајно пониска доверба во меѓународната заедница во споредба со испитаниците на возраст од 18 до 29 години и од 40 до 49 години. Дополнително, постои разлика во довербата во меѓународната заедница според етничката припадност и местото на живеење. Поточно, етничките Македонци имаат статистички значајно пониска доверба во меѓународната заедница од етничките Албанци. Најголема разлика се забележува во однос на довербата во ЕУ, во кој етничките Албанци имаат за 18,4 процентни поени поголема доверба од етничките Македонци. Најмала разлика постои во однос на довербата во ОН (13,2 пп), но и таа е значителна.

*Табела 5 -Доверба во меѓународните институции кај етничките Македонци и кај етничките Албанци, како и кај симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и ДУИ (%)*

| Организација | Етн. Мак. | Етн. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ОН | 54,4 | 67,4 | 62,2 | 55,6 | 65,4 | 56,6 |
| ЕУ | 49,0 | 67,4 | 51,5 | 54,2 | 59,6 | 52,6 |
| НАТО | 49,7 | 63,3 | 54,6 | 54,2 | 61,5 | 51,9 |
| ОБСЕ | 46,8 | 60,0 | 56,1 | 49,0 | 59,6 | 49,0 |

Од аспект на симпатизерите на политичките партии, најголема доверба во сите меѓународни институции и организации има ДУИ. Симпатизерите на ВМРО-ДМПНЕ и ДУИ најмногу доверба имаат во ОН. Иако симпатизерите на СДСМ имаат најголема доверба во ЕУ, сепак таа помала од симпатизерите на ДУИ.

*Табела 6 -Доверба во меѓународните институции по региони (%)*

| Орг. | Скопски | Југоис. | Источен | Северо ист. | Вардар. | Југозап. | Полог | Пелагон. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ОН | 52,8 | 54,4 | 73,3 | 56,7 | 40,0 | 68,0 | 71,9 | 32,7 | 56,6 |
| ЕУ | 46,2 | 44,4 | 55,6 | 53,3 | 50,0 | 66,0 | 74,4 | 30,9 | 52,6 |
| НАТО | 57,2 | 38,9 | 64,4 | 43,3 | 37,1 | 63,0 | 66,3 | 23,6 | 51,9 |
| ОБСЕ | 57,2 | 38,9 | 64,4 | 43,3 | 37,1 | 63,0 | 66,3 | 23,6 | 49,0 |

Понатаму, испитаниците од Пелагонискиот регион имаат статистички значајно пониска доверба во меѓународната заедница споредбено со сите останати региони. Во ОН најмногу веруваат испитаниците од Источен регион, додека во ЕУ и НАТО најмногу веруваат испитаниците од Полошки регион, а во ОБСЕ тие од Југозападен регион.

*Табела 7. Највисока и најниска доверба во меѓународните институции по региони (%)*

| Степен на доверба | Највисока | | Најниска | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Регион** | **%** | **Регион** | **%** | **Вкупно** |
| ОН | Источен | 73,3 | Пелагониски | 32,7 | 56,6 |
| ЕУ | Полошки | 74,4 | Пелагониски | 30,9 | 52,6 |
| НАТО | Полошки | 66,3 | Пелагониски | 23,6 | 51,9 |
| ОБСЕ | Југозападен | 69,0 | Пелагониски | 23,6 | 49,0 |

### 2.1.3 Доверба во граѓанското општество[2]

Во следниот дел анализата ќе се фокусира на довербата на граѓаните во граѓанскиот сектор и на перцепцијата и ставовите за работата на ГО.

Трендот на пад на довербата во граѓанскиот сектор продолжува и во 2016 г. Споредбено со банките и финансиските институции и приватниот сектор, граѓанскиот сектор има понизок степен на доверба, додека има повисок степен на доверба од државниот сектор, меѓународната заедница, медиуми и политички партии. Воедно, споредбено со останатите години почнувајќи од 2006 г., добиениот индекс на довербата во граѓанскиот сектор во 2016 г. е најнизок досега (41,3%).

#### *2.1.3.1 Доверба во чинителите на граѓанското општество*

Според истражувањето, клучни чинители на граѓанското општество се ГО, црквите и верските заедници, синдикати, стопански комори, организации на работодавачи и неформални групи.

Мнозинска доверба имаат единствено црквите и верските заедници (59,5%). По нив следат здруженијата и фондациите (41,3%), и неформалните групи граѓани (33,0%). Најниска доверба, пак граѓаните имаат во синдикатите (29,0%).

Довербата кон сите чинители, кои се дел од граѓанскиот сектор е во опаѓање, со исклучок на црквите и верските заедници, кои пак бележат незначително зголемување на довербата. Довербата во граѓанските организации, неформалните групи на граѓани, потоа организациите на работодавачи и синдикатите бележи умерено опаѓање, додека мало опаѓање бележи и довербата во стопанските комори.

*Графикон 6 – Доверба во граѓанскиот сектор (%)*




[2] За потребите на оваа анализа, употребена е дефиницијата од Цивикус - Индексот на граѓанското општество во Македонија (МЦМС, 2009). Оваа дефиниција гласи „Граѓанското општество е дел од општествениот простор надвор од семејството, државата и пазарот, кој е создаден од страна на индивидуални и колективни акции, организации и институции заради постигнување заеднички интереси“. Според оваа дефиниција, во граѓанското општество се опфатени здруженијата и фондациите, стопанските комори, организациите на работодавачите, синдикатите, политичките партии и верските заедници.

Споредбено со 2015 г., во 2016 г. довербата во ГО е опадната за 9,2 пп, довербата во неформалните групи за 7,6 пп, довербата во организации на работодавачи за 6,9 пп , а во синдикатите за 6,3 пп. Од истражуваните субјекти од граѓанскиот сектор не се забележува пад во довербата само кај црквите и верските заедници. Довербата во верските заедници останува да биде повисока од довербата во останатите чинители на граѓанското општество. Воедно верските заедници се единствените чинители од граѓанскиот сектор ја има довербата на мнозинството граѓани.

Според демографските карактеристики нема статистички значајни разлики во степенот на доверба во граѓанското општество. Највисока доверба се бележи во Североисточниот регион (57,8%), проследено од Вардарскиот регион (55,7%), Полошкиот регион (55,6%), Југоисточниот регион (46,7%), Скопскиот регион (46,2%), и најниска доверба се бележи во Пелагонискиот регион (41,8%).

### *2.1.3.2 Доверба во ГО по под-сектори на делување*

Анализирајќи ја довербата на граѓаните ГО според областа на која работи организацијата, може да се забележи дека помала доверба имаат организациите кои работат на меѓуетнички односи и организациите кои работат на развој на граѓанско општество. Спротивно, најголема доверба граѓаните имаат во ГО кои работат на прашања од животна средина, социјална грижа и хуманитарни акции. Помеѓу останатите сектори нема значајни разлики во довербата.

*Табела 8 – Доверба во под-секторите на граѓански организации (%)*

| Под-сектор | Има 2016 | Нема 2016 | БО/НЗ 2016 | Има 2015 | Нема 2015 | БО/НЗ 2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Демократија и владеење на право | 40,7 | 52,1 | 7,2 | 43,4 | 46,6 | 10,0 |
| Човекови права (деца, стари лица, лица со хендикеп и ЛГБТ)[3] | 43,3 | 41,4 | 15,3 | 50,6 | 37,0 | 12,5 |
| Жени и родови прашања | 47,6 | 45,2 | 7,2 | 61,4 | 30,1 | 9,1 |
| Животна средина и природа (екологија) | 49,3 | 44,2 | 6,5 | 55,8 | 36,6 | 8,0 |
| Меѓуетнички односи | 36,4 | 56,3 | 7,3 | 46,2 | 42,5 | 10,6 |
| Социјална грижа, хуманитарни | 48,3 | 46,3 | 5,4 | 54,3 | 38,2 | 6,2 |
| Развој на граѓанско општество | 36,9 | 53,9 | 9,2 | 40,4 | 44,4 | 14,6 |

Намалувањето на довербата во ГО е независно од областа на која работат организациите. Во споредба со 2015 г., се забележува пад од 3 до 13 пп во сите области на кои делуваат ГО. Најголемо е опаѓањето на довербата бележат организациите кои работат во областа на жени и родови прашања (13,2 пп), проследена од организациите кои делуваат во областа на меѓуетничките односи (10,5 пп). Незначително опаѓање бележат организациите кои делуваат во областа на демократија и владеење на право (2,7 пп).

[3] Довербата во под-секторот за Човекови права во табелата за 2015 г. е прикажана просечната проценка на под-секторите: деца, млади и студенти, стари лица, лица со хендикеп и ЛГБТ.

### *2.1.3.3 Познавање и ставови за ГО*

Со цел да се добие посеопфатна слика за довербата на граѓаните во ГО, истражувањето ги испитува и ставовите на граѓаните за работат ГО. Падот на довербата во ГО е проследен со ставови кои укажуваат дека значаен број на граѓани не веруваат во заложбите зад кои стојат организациите. Поточно, 42,4% сметаат дека „Граѓанските организации се организирани и финансирани од странски држави и нивни фондации само за да им служат ним“, а 44,0% сметаат дека „Граѓанските организации се организирани од страна на граѓаните со цел да се оствари заедничко општо добро“.

*График 7 - Ставови за граѓанските организации – за граѓаните или странските интереси (%)*




Прашалникот го проследува секое прашање за став на работата на ГО со дополнително прашање кое бара од испитаниците да наведат пример на организација која го поддржува нивниот став. На ова, мнозинството испитаници (повеќе од 80%) одбиваат да одговорат или пак не знаат конкретна организација која ќе го поддржи нивниот став. Од оние кои наведуваат примери, најчесто споменуван пример за организација која работи за интереси на странски држави и нивни фондации или за интереси на поединци, е Фондацијата отворено општество – Македонија (ФООМ), додека како пример на организација која работи за јавен интерес и за заедничкото добро најчесто споменувани се Црвен Крст на Р. Македонија и Мост.

*График 8 – Ставови за граѓанските организации – за општ и личен интерес (%)*




*Табела 9. Ставови за работата на граѓанските организации за периодот 2013-2016 г. (%)*

| Ставови | 2016 | 2015 | 2013 |
|---|---|---|---|
| ГО се основани и дејствуваат за остварување на лични интереси на поединци | 42,6 | 36,4 | 44,1 |
| ГО се основани и дејствуваат за да остваруваат јавен и/или поширок интерес | 43,8 | 33,8 | 42,6 |

Покрај недовербата во заложбите зад кои стојат организациите, 49,3% од граѓаните сметаат дека „ГО дејствуваат нетранспарентно и не даваат јавен отчет за нивната работа“. Од оние они кој сметаат дека ГО работат транспарентно и даваат јавен отчет за нивната работа само 1,4% можат да идентификуваат пример на организација на организација која ќе го поддржи нивниот став. Спротивно, испитаниците кои сметаат дека ГО не работат транспарентно, најчесто ги идентификуваат ФООМ и Шарена револуција како примери за ова тврдење.

*Графикон 9 – Ставови за транспарентноста на граѓанските организации (%)*




Во поглед на ставовите на граѓаните за врската меѓу политичките партии и граѓанските организации, само 18,6% сметаат дека политичките партии ги почитуваат ГО и водат сметка за нивните ставови, а вкупно 63,9% сметаат дека „Политичките партии и лидери кога имаат партиски интереси ги присвојуваат ставовите на ГО“ или дека Политичките партии и лидери основаат ГО зад кои се кријат и ги користат како свои гласноговорници.

*Графикон 10 – Ставови за политичките партии (%)*




Ставовите за работата на ГО беа дополнително анализирана и според демографските карактеристики на испитаниците како, етничка припадност, образование, пол, возраст и политичка определба. Според добиените резултати нема разлика во ставовите за работата на граѓанските организации според етничката припадност.

*Табела 9 – Разлики во ставовите за работата на ГО според етничка припадност (%)*

| Ставови за ГО | Етничка припадност | | |
|---|---|---|---|
| | Македонци | Албанци | Други етникуми |
| ГО се организирани од страна на граѓаните со цел да се оствари заедничко општо добро | 74,6 | 20,9 | 4,5 |
| ГО се организирани и финансирани од странски држави и нивни фондации само за да им служат ним | 71,8 | 21,8 | 6,4 |
| ГО се основани и дејствуваат за да остваруваат јавен и/или поширок интерес | 74,6 | 20,3 | 5,1 |
| ГО се основани и дејствуваат за остварување на личните интереси на поединци | 71,1 | 23,1 | 5,8 |
| ГО дејствуваат транспарентно и даваат јавен отчет за својата работа и финансии | 70,4 | 24,0 | 5,6 |
| ГО дејствуваат нетранспарентно и не даваат јавен отчет за својата работа и финансии | 71,3 | 22,8 | 5,9 |
| Политичките партии и лидери ги почитуваат и водат сметка за ставовите на ГО | 74,5 | 19,0 | 6,5 |
| Политичките партии и лидери кога имаат партиски интереси ги присвојуваат ставовите на ГО | 71,1 | 23,2 | 5,8 |
| Политичките партии и лидери основаат ГО зад кои се kријат и ги користат како свои гласноговорници | 70,4 | 23,1 | 6,5 |

Понатаму, земајќи ја предвид застапеноста на различните степени на образование во примерокот, може да се забележи дека речиси сите испитаници кои имаа понизок степен на образование од вишо или високо образование, се согласуваат со тврдењата кои покажуваат негативни ставови за работењето на ГО. Испитаниците кои имаат вишо или високо образование имаат тенденција да имаат попозитивно мислење за работата на ГО.

*Табела 10 – Разлики во ставовите за работата на ГО според степен на образование (%)*

| Ставови за ГО | Образование | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Незаврш. основно | Основно | Средно | Вишо/ високо |
| ГО се организирани од страна на граѓаните со цел да се оствари заедничко општо добро | 1,1 | 14,8 | 53,9 | 30,1 |
| ГО се организирани и финансирани од странски држави и нивни фондации само за да им служат ним | 0,7 | 15,2 | 59,1 | 24,9 |
| ГО се основани и дејствуваат за да остваруваат јавен и/или поширок интерес | 1,2 | 14,1 | 53,2 | 31,6 |
| ГО се основани и дејствуваат за остварување на личните интереси на поединци | 0,7 | 15,7 | 60,3 | 23,3 |
| ГО дејствуваат транспарентно и даваат јавен отчет за својата работа и финансии | 1,0 | 12,5 | 53,1 | 33,3 |
| ГО дејствуваат нетранспарентно и не даваат јавен отчет за својата работа и финансии | 0,6 | 16,0 | 58,4 | 25,1 |
| Политичките партии и лидери ги почитуваат и водат сметка за ставовите на ГО | 0,5 | 9,3 | 57,4 | 32,8 |
| Политичките партии и лидери кога имаат партиски интереси ги присвојуваат ставовите на ГО | 1,3 | 18,4 | 51,1 | 29,2 |
| Политичките партии и лидери основаат ГО зад кои се kријат и ги користат како свои гласноговорници | 0,0 | 14,6 | 62,3 | 23,1 |

Поддржувачите на ВМРО споредбено со поддржувачите на СДСМ, во поголем процент сметаат дека „ГО се организирани и финансирани од странски држави и нивни фондации само за да им служат ним“; „ГО се основани и дејствуваат за остварување на личните интереси на поединци“; „ГО дејствуваат нетранспарентно и не даваат јавен отчет за својата работа и финансии“; „Политичките партии и лидери основаат граѓански организации зад кои се kријат и ги користат како свои гласноговорници“ и дека „Политичките партии и лидери ги почитуваат и водат сметка за ставовите на граѓанските организации“. Поддржувачите на СДСМ пак во споредба со поддржувачите на ВМРО во

поголем процент сметаат дека „Политичките партии и лидери кога имаат партиски интереси ги присвојуваат ставовите на граѓанските организации“.

*Табела 11 – Разлики во ставовите за работата на ГО според политичка определба (%)*

| Ставови за ГО | Политичка определба | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | ВМРО | СДСМ | ДУИ | БО | НО |
| ГО се организирани од страна на граѓаните со цел да се оствари заедничко општо добро | 20,1 | 20,6 | 3,4 | 22,1 | 29,1 |
| ГО се организирани и финансирани од странски држави и нивни фондации само за да им служат ним | 19,7 | 13,1 | 6,7 | 24,5 | 28,7 |
| ГО се основани и дејствуваат за да остваруваат јавен и/или поширок интерес | 19,5 | 18,4 | 3,2 | 23,7 | 29,0 |
| ГО се основани и дејствуваат за остварување на личните интереси на поединци | 20,1 | 14,6 | 6,3 | 23,6 | 29,9 |
| ГО дејствуваат транспарентно и даваат јавен отчет за својата работа и финансии | 20,0 | 19,3 | 3,9 | 25,6 | 24,3 |
| ГО дејствуваат нетранспарентно и не даваат јавен отчет за својата работа и финансии | 18,9 | 13,3 | 6,8 | 23,1 | 32,0 |
| Политичките партии и лидери ги почитуваат и водат сметка за ставовите на ГО | 29,5 | 12,6 | 2,7 | 24,6 | 24,0 |
| Политичките партии и лидери кога имаат партиски интереси ги присвојуваат ставовите на ГО | 14,2 | 20,8 | 6,8 | 23,9 | 28,4 |
| Политичките партии и лидери основаат ГО зад кои се кријат и ги користат како свои гласноговорници | 19,1 | 11,5 | 5,3 | 25,2 | 32,8 |

Женските во споредба со машките во поголема мера изразуваат позитивни ставови за работат на граѓанските организации.

*Табела 12 – Разлики во ставовите за работата на ГО според пол (%)*

| Ставови за граѓанските организации | Пол | |
|---|---|---|
| | Машки | Женски |
| ГО се организирани од страна на граѓаните со цел да се оствари заедничко општо добро | 45,2 | 54,8 |
| ГО се организирани и финансирани од странски држави и нивни фондации само за да им служат ним | 55,8 | 44,2 |
| ГО се основани и дејствуваат за да остваруваат јавен и/или поширок интерес | 46,0 | 54,0 |
| ГО се основани и дејствуваат за остварување на личните интереси на поединци | 55,1 | 44,9 |
| ГО дејствуваат транспарентно и даваат јавен отчет за својата работа и финансии | 44,2 | 55,8 |
| ГО дејствуваат нетранспарентно и не даваат јавен отчет за својата работа и финансии | 54,6 | 45,4% |
| Политичките партии и лидери ги почитуваат и водат сметка за ставовите на ГО | 46,2 | 53,8 |
| Политичките партии и лидери кога имаат партиски интереси ги присвојуваат ставовите на ГО | 46,1 | 53,9 |
| Политичките партии и лидери основаат ГО зад кои се кријат и ги користат како свои гласноговорници | 58,1 | 41,9 |

Истражувањето вклучува и прашања кои се однесуваат на перцепцијата на граѓаните за можностите за вклучување во работата на ГО кои работат во нивната локална средина и ја анализира компатибилноста на потребите на граѓаните и активностите на граѓанскиот сектор. Во однос на овие прашања, дури 90,3% не слушнале за организација од нивното опкружување и која редовно ги вклучува членовите, засегнатите страни и граѓаните во нивната работа. Дополнително, споредбено со останатите форми на здружување (синдикатите, верските заедници и граѓанските организации), според граѓаните, политичките партии во најголема мера ги задоволуваат нивните лични потреби, како и потребите на заедницата.

*Графикон 11 – Компатибилност на граѓанските потреби и формите на граѓанско здружување (%)*




## 2.3. Идентификувани успешни организации

Мнозинството граѓани (66,8%) не наведуваат примери на успешни ГО што придонесуваат кон позитивни општествени вредности. Во одговорите на оние испитаници кои наведуваат примери на успешни организации најчесто споменати се следниве организации:

*Табела 12 – Први пет препознаени како успешни ГО*

| Први пет препознаени како успешни ГО |
|---|
| 2016 - Црвен крст, Мост, Еко герила , Калири, Меѓаши |
| 2015 - Црвен крст, Меѓаши, Ел хилал, Мост, СОС Детско Село |
| 2013 - Црвен крст, Мост, Меѓаши, Ел хилал, СОС Детско село |
| 2010 - Црвен крст, Меѓаши, Ел хилал, Мост, ФИООМ |

# 3. ЗАКЛУЧОЦИ

## Доверба во луѓе и институции

**Општата доверба во луѓето се уште е мнозинска** со незначителни промени споредено со минатите години. Сепак, големо мнозинство на граѓани сметаат дека треба да се биде многу внимателен со други луѓе.

**Најголема доверба од страна на граѓаните уживаат приватниот и финансискиот сектор**, потоа граѓанскиот сектор и јавниот сектор (државата), а најмала политичките партии и медиумите. Сепак, наодите укажуваат дека генерално мнозинството граѓани немаат голема доверба во ниту еден од истражуваните институции.

**Довербата на граѓаните во државните институции нема позначајни разлики**. Помалку од половина граѓани имаат доверба во државните институции. Од испитаните институции само во Армијата и Полицијата имаат доверба од мнозинството граѓани. Споредбено со останатите години, оваа година индексот на доверба во државниот сектор е најниско.

**Значајно намалување на довербата во меѓународната заедница**. Особено е намалена довербата во НАТО, во кој само половина граѓани имаат доверба. И покрај ова намалување, меѓународната заедница останува да има повисок степен на доверба споредбено со политичките партии и медиумите.

## Доверба во граѓанско општество

**Мнозинска доверба имаат единствено црквите и верските заедници**. По нив следат здруженијата и фондациите, и неформалните групи граѓани. Најниска доверба граѓаните имаат во синдикатите.

**Довербата кон сите чинители, кои се дел од граѓанскиот сектор е во опаѓање,** со исклучок на црквите и верските заедници, кои пак бележат незначително зголемување на довербата.

**Најголема доверба граѓаните имаат во граѓанските организации кои работат на прашања од животна средина, социјална грижа и хуманитарни акции**, додека помала доверба имаат организациите кои работат на меѓуетнички односи и организациите кои работат на развој на граѓанско општество.

**Мнозинството граѓаните немаат доверба во заложбите зад кои стојат граѓанските организации**. Речиси половина граѓани сметаат дека зад работата на граѓанските организации стојат лични интереси или пак интереси на странски држави и нивни фондации. Половина граѓани пак сметаат дека граѓанските организации не работат транспарентно, а значаен број сметаат дека постои поврзаност во работата помеѓу партиите и граѓанските организации.

# Прилог 1- Прашалник [4]

## 1.1 Доверба - општо

**П 1. Колку доверба имате:**

| | Целосна доверба | Делумна доверба | Делумна недоверба | Целосна недоверба | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Општо во луѓето | | | | | | |
| Во соседите | | | | | | |
| Во колегите на работа | | | | | | |
| Во непознати (туѓинци) | | | | | | |
| Во земјаци (сограѓани) | | | | | | |

**П 2. Колку доверба имате во секој од следниве сектори?**

| | Целосна доверба | Делумна доверба | Делумна недоверба | Целосна недоверба | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Јавниот сектор (државата) | | | | | | |
| Приватниот (бизнис/деловен) сектор | | | | | | |
| Граѓанско општество (НВО, синдикати, цркви) | | | | | | |
| Политичките партии | | | | | | |
| Медиумите | | | | | | |
| Меѓународната заедница | | | | | | |
| Банки и финансиски институции | | | | | | |

**П 3. Наведете колку доверба имате во секоја од следниве институции/организации:**

| | Целосна доверба | Делумна доверба | Делумна недоверб а | Целосна недоверба | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Претседател на Република Македонија | | | | | | |
| Собрание на Република Македонија | | | | | | |
| Влада на Република Македонија | | | | | | |
| Единици на лок. самоуправа (општини) | | | | | | |
| Јавно обвинителство на РМ | | | | | | |
| Судови | | | | | | |
| Армија на Република Македонија (АРМ) | | | | | | |
| Полиција | | | | | | |
| ДКСК | | | | | | |
| Специјално јавно обвинителство | | | | | | |
| АААМУ (Совет за радиодифузија) | | | | | | |
| Државна изборна комисија | | | | | | |

**П 4. Наведете колку доверба имате во поединечните институции од меѓународната заедница?**

| | Целосн а доверба | Делумна доверба | Делумна недоверба | Целосна недоверба | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Европска Унија | | | | | | |
| Обединети Нации | | | | | | |
| НАТО | | | | | | |
| ОБСЕ | | | | | | |

## 1.2. Ставови за граѓанското општество

**П 5. Со која од следните изјави се согласувате:**

1. ГО се организирани од страна на граѓаните со цел да се оствари заедничко општо добро.

[4] Во прашалникот, изоставени се дел од прашањата кои не се предмет на анализа

2. ГО се организирани и финансирани од странски држави и нивни фондации само за да им служат ним, на странските интереси.

**П 6.** Со која од следните изјави се согласувате:

ГО се основани и дејствуваат за да остваруваат јавен и/или поширок интерес.

ГО се основани и дејствуваат за остварување на личните интереси на поединци.

**П 7. Со која од следните изјави најмногу се согласувате, (еден одговор)**

Политичките партии и лидери...

1. ги почитуваат и водат сметка за ставовите на ГО и ги вклучуваат во носењето одлуки на национално и локално ниво.
2. кога имаат партиски интереси ги присвојуваат ставовите на ГО, а кога немаат интерес ги осудуваат како блиски на другата страна.
3. основаат ГО зад кои се кријат и ги користат како свои гласноговорници

**П 8. Со која од следните изјави се согласувате**

1. ГО дејствуваат транспарентно и даваат јавен отчет за својата работа и финансии
2. ГО дејствуваат нетранспарентно и не даваат јавен отчет за својата работа и финансии

**П 9. Колку доверба имате во ГО кои делуваат во една од следниве области?**

| | Целосна доверба | Делумна доверба | Делумна недоверба | Целосна недоверба | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Демократија и владеење на правото | | | | | | |
| Човекови права (деца, стари лица, лица со хендикеп, ЛГБТ) | | | | | | |
| Жени и родови прашања | | | | | | |
| Животна средина и природа (екологија) | | | | | | |
| Меѓуетнички односи | | | | | | |
| Социјална грижа, хуманитарни | | | | | | |
| Развој на граѓанското општество | | | | | | |

**П 1. Наведете една или повеќе успешни ГО (кои придонесуваат кон позитивни општествени вредности) (активни, постигнуваат резултати и сл.) кои ги познавате:**

| |
|---|
| |
| |
| |
| Не знам |
| Без одговор |

**П 11. За секое од доле наведените подрачја, наведете по три организации во Македонија, кои според вашето мислење придонесуваат во решавање на општествените приоритети:**

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| Борба против сиромаштијата: | | |
| Економски развој, вработување и развој на малите и средни претпријатија: | | |
| Локалниот и во руралниот развој: | | |
| Развој на демократијата и владеење на правото: | | |
| Заштита на човековите права: | | |
| Борба против корупцијата: | | |
| Јакнење на граѓанското општество: | | |
| Градењето мултикултурно општество: | | |
| Промовирањето на родова еднаквост и рамноправност | | |

## Прилог 2 – Карактеристики на примерок

Примерокот опфати 1000 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, возраст, етничка припадност, место на живеење и региони.

| **Пол** | **%** |
|---|---|
| Маж | 50,8 |
| Жена | 49,2 |
| **Возраст** | **%** |
| 18-29 години | 22,0 |
| 30-39 години | 20,4 |
| 40-49 години | 17,7 |
| 50-59 години | 24,1 |
| Над 60 години | 15,9 |
| **Етничка припадност** | **%** |
| Македонец/ка | 71,8 |
| Албанец/ка | 22,2 |
| Турчин/ка | 1,8 |
| Ром/ка | 1,1 |
| Србин/ка | 1,3 |
| Влав/инка | 0,3 |
| Бошњак/чка | 0,4 |
| Друго | 1,0 |
| **Социјален статус (самоперцепција)** | **%** |
| Висока класа | 1,8 |
| Повисока средна класа | 26,0 |
| Пониска средна класа | 37,2 |
| Работничка класа | 23,8 |
| Пониска класа | 11,2 |
| ***Образование*** | **%** |
| Незавршено основно | 1,0 |
| Основно | 15,1 |
| Средно | 56,4 |
| Вишо/ високо | 27,5 |
| **Место на живеење** | **%** |
| Рурално (село) | 40,4 |
| Урбано (град) | 36,6 |
| Скопје | 23,0 |
| **Политичка ориентација** | **%** |
| Лева | 14,9 |
| 2 | 1,0 |
| 3 | 5,3 |
| 4 | 3,0 |
| 5 | 18,7 |
| 6 | 3,5 |
| 7 | 2,1 |
| 8 | 3,3 |
| 9 | 1,9 |
| Десна | 15,5 |
| Не знам/ без одговор | 30,8 |

| **Припадност на религија** | **%** |
|---|---|
| Православна | 72,7 |
| Исламска | 25,5 |
| Католичка | ,6 |
| Не сакам да кажам | 1,1 |
| **Религиозност** | **%** |
| Религиозна личност | 83,8 |
| Нерелигиозна личност | 11,1 |
| Атеист | 1,4 |
| Не сакам да кажам | 3,7 |
| **Работен статус** | **%** |
| Вработен во јавен сектор | 14,0 |
| Вработен во приватен сектор | 29,7 |
| Земјоделец | 2,3 |
| Студент | 8,0 |
| Домашна работа | 8,1 |
| Невработен | 18,7 |
| Пензионер | 18,3 |
| Не сакам да кажам | 0,7 |
| ***Месечни приходи*** | **%** |
| до 1.500 ден. | 2,5 |
| 1.501-3.000 ден. | 3,1 |
| 3.001-4.000 ден. | 5,2 |
| 4.001-5.000 ден. | 5,1 |
| 5.001-6.500 ден. | 6,6 |
| 6.501-8.000 ден. | 14,6 |
| 8.001-11.000 ден. | 14,6 |
| 11.001-15.000 ден. | 15,9 |
| 15.001-24.000 ден. | 17,3 |
| Над 24.000 ден. | 18,1 |
| Без одговор | |
| **Членство во ГО** | **%** |
| Да | 4,8 |
| Не | 95,2 |
| **Регион** | **%** |
| Скопски | 29,8 |
| Југоисточен | 8,6 |
| Источен | 9,0 |
| Североисточен | 8,9 |
| Вардарски | 7,0 |
| Југозападен | 9,7 |
| Полошки | 16,2 |
| Пелагониски | 10,9 |
| **Симпатизерство на пол. партија** | **%** |
| ВМРО-ДПМНЕ | 19,6 |
| СДСМ | 15,3 |
| ДУИ | 5,2 |
| ДПА | 2,1 |
| Други | 3,6 |
| Не сум симпатизер на ниту една | 30,0 |
| Без одговор | 24,2 |

## Профил на МЦМС

МЦМС над 20 години е значаен актер на граѓанското општество во Македонија и во регионот, заснован на вредности и интереси и нивно застапување и влијание врз општеството. Визијата на МЦМС е мир, хармонија и просперитет на луѓето во Македонија, на Балканот и глобално. За исполнување на визијата, МЦМС ја дефинира својата мисија да предводи промени со нови и алтернативни решенија на општествените проблеми, кои влијаат на другите чинители и кои се вклучуваат во главните текови.

МЦМС дејствува во секторите на социјална кохезија (вработување, образование, дијалог и културна различност), локален и рурален развој, граѓанско општество и добро владеење. Од 1993 г. МЦМС спроведе повеќе од 65 програми со реализирани преку 1.500 проекти со вкупен буџет од 49 милиони евра. Повеќе информации за МЦМС: www.mcms.mk.

## Продолжи со читање

**Листа на публикации на МЦМС:** http://www.mcms.org.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/345-lista-na-istrazuvana-i-publikacii.html

**Листа на поврзани публикации**


- Стојанова, Даниела (2015) „Довербата во граѓанското општество“
- Нурединоска, Емина, Кржаловски, Александар, Стојанова, Даниела (2013) „Довербата во граѓанското општество-2013“ - https://mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/1436-doverbata-vo-gragjanskoto-opstestvo-2013.html
- Клековски, Сашо, Стојанова, Даниела, Јаковлеска, Гонце, Нурединоска Емина (2011) „Долг пат до поголем граѓански ангажман – Аналитички извештај“, - https://mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/1140-dolg-pat-do-pogolem-graganski-angazman-izvestaj.html
- Клековски, Сашо, Кржаловски, Александар, Саздовска, Сунчица, Јаковлеска, Гонце, (2008) „Довербата во граѓанското општество“, - https://mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/551.html
- Клековски, Сашо, Кржаловски, Александар, (2007) „Довербата во граѓанското општество“, - https://mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/567.html
- Клековски, Сашо, Кржаловски, Александар, Саздовска, Сунчица, Јаковлеска, Гонце , (2006) „Довербата, одговорноста за општествените прашања и добротворството во Македонија“, - https://mcms,mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/istrazuvana/642-doverba-odgovornost-opstestveni-prasanja-dobrotvorstvo,html